# Современото воено известување преку примерот на војната во Ирак

Анастас Вангели
јануари 2007

**Вовед**

Војните од секогаш биле предмет на интерес на јавноста и со тоа на оние кои го креирале јавното мислење. Впрочем, секоја историска епоха со себе носи свои војни, свој Хомер и свои „преданија“ и епови. Нивната функција се состои првенствено во соопштувањето, но не во смисол на сувопарно пренесување на фактите од бојното поле, туку како едно целокупно сликовито проектирање на воената ситуација, во која и примателот на таа презентација, независно од оддалеченоста од пукотниците и крвопролевањето, ќе се доживее како речиси непосреден учесник во истата, а со тоа ќе се почувствува многу повеќе засегнат отколку што би требало да биде – тоа пак би вродило со формирање определен став, односно на колективно ниво би се создало определно јавно мислење, кое што, во следната фаза, воените известувачи имаат за цел да го поларизираат во интерес на сопствената страна инволвирана во војната. Тоа доаѓа од премисата дека освен реалниот и фактички исход на секој воен судир (оној од бојното поле и од мировните договори), за целосниот резултат на истиот, многу важен елемент е и впечатокот што завојуваните страни ќе го остават и влијанието што ќе го остварат врз сопственото население.

Денешните Хомер, Херодот и Тукидид се медиумите. На нив паѓа одговорноста да ги „опејат“ и пренесат воените дејствија, запазувајќи својата одговорност– во овој случај со дуална природа – да не ја нарушат објективноста и неутралноста кои во светот на медиумите би требало да бидат врвни вредности што произлегува од нивната функција на watchdog; а во исто време, да внимаваат на сензибилноста и лесната фрагилност на моралот на својата публика, односно да делуваат согласно на стратешките национални интереси – да не се поттинкува паника и дефетизам меѓу населението. Тие две функции во голема мера се контрадикторни една на друга (дури и взаемно се исклучуваат), и токму тоа го чини военото известување на медиумите еден од најкомплексните феномени кои комуникологијата ги истражува.

Во фокусот на овој есеј за военото известување ќе се обидам да ги доловам сите негови современи специфики, задржувајќи се на тековната војна во Ирак и американските воено-известувачки искуства.

**Војната во Ирак**

Војната во Ирак – Втората Заливска војна започна на 20 март 2003 година, со операцијата Iraqi Freedom на силите на коалицијата предводена од САД. Поводот за воената инвазија беше одбивањето на ултиматумот поставен од американскиот претседател Џорџ Буш за абдиција на ирачкиот претседател Садам Хусеин, што пак беше крајниот исход на натегањата околу хипотетичкото оружје за масовно уништување кое Ирак го произведувал, поседувал и бил спремен да го употреби.

Воената акција на сојузниците заврши на 15 април 2003, но тие останаа на територијата на Ирак, спроведувајќи нови операции, начелно за откривање и уништување на оружените капацитети на Ирак, превенција од граѓанска војна и расчистување со дотогашниот недемократски режим во земјата. Ирачкиот претседател Садам Хусеин беше фатен во декември истата година, а со тоа и недемократскиот режим; но, тоа беше единствената исполнета цел на сојузничките војски. За жал, тие не успеаа да го спречат крвопролевањето – самите сојузнички војски имаат околу 4000 жртви (од тоа САД повеќе од 3000), додека пак, Ирачаните доживеаа вистински геноцид – бројката на загинати во или поради војната, во истражувањето на MIT објавено во The Lancet[1] се проценува на повеќе од 650.000. Што се однесува пак до оружјето за масовно уништување, тоа никогаш не беше најдено, а самите лидери на коалицијата го признаа неговото непостоење[2].

[1] The Human Cost of the War in Iraq: A Mortality Study, 2002-2006 (http://web.mit.edu/CIS/pdf/Human_Cost_of_War.pdf)
[2] http://en.wikipedia.org/wiki/Iraq_war

**Искуствата на американското воено известување во 20-тиот век**

Историјата на американското воено известување е значајна затоа што таа раскажува за 2 сосем различни искуства – едно за слободното известување, а другото за строго контролираниот доток на информации.

Како искуство при кое медиумите од САД имале одврзани раце за военото известување се наведува Виетнамската војна (1959-1975). Така на пример, како некои од факторите за дебаклот во Виетнам, Американците ги наведуваат известувањата за слабостите на американската војска, слабиот напредок на север, губењето на битките во виетнамските села и џунгли, но и многуте извештаи за масакри врз недолжно население, и реакциите на движењата за мир инспирирани директно од таквите вести. Таков конкретен пример е оној со новинарот Сејмор Херш и написот за масакрот во Ми Лаи од 16 март 1968[3], извршен од страна на американските војници врз околу 500 виетнамски цивили, меѓу кои жени и деца – за него авторот се здоби со Пулицеровата награда – а подоцна тие извештаи предизвикаа скандали во САД – командирите излегоа на воен суд, а движењето за мир зеде уште поголем замав со што практично сите надежи за победа во Виетнам отидоа во неповрат.

За спротивно искуство на американските медиуми пак, се наведува Првата Заливска војна (1990-1991). Тоа беше прва војна од која беа вршени „директни преноси“ од бојното поле, притоа создавајќи услови за сосема поинаква перцепција на сите настани во целина. Самата на природа на војната (пустина, тенкови, командоси) допушташе вметнување на театрални моменти, наспроти Виетнамските недостапни џунгли каде што просторот за манипулирање во јавната презентација беше премногу мал.

Сепак, она што го одбележа военото известување од Заливот, беше Annex Foxtrot[4], документ на Пентагон со кој практично се забрани изнесување на било

---

[3] http://en.wikipedia.org/wiki/My_Lai_massacre
[4] http://www.reference.com/browse/wiki/Annex_Foxtrot

каква информација која може да биде заканувачка по националната безбедност на САД. За степенот на опасност на информациите одлучуваше самиот Пентагон. Практично, медиумите се најдоа во заложништво на воената цензура.

**Специфики на военото известување од Ирак**

За известувањето од Втората заливска војна пак, може да се каже дека е некаков чуден спој на претходно наведените искуства – во исто време и строго цензурирана област, но и војна од која и покрај забраните и строгата регулатива, протекуваат значаен број на записи и снимки кои делуваат негативно по националните интереси на САД. Таквата дуална природа не се должи на некаков недостаток при организирањето на известувањето, туку на судирот на класичните и новите медиуми; односно судирот на традиционалното и новинарството на граѓаните. При образложувањето на оваа теза, ќе се послужам со неколку конкретни примери од обете страни.

Во оваа војна, беа испратени така-наречени embedded репортери од страна на Пентагон – репортери „вметнати“, односно во склоп на воените единици. Тие имаат за задача да известуваат најнепосредно од теренот. Поради тоа што при таквото известување за време на воените акции тие се изложени на голем ризик, претходно поминуваат процес на обука заедно со војниците. Критичарите на ваквата практика како главни аргументи за пропагандната улога на овој тип на известувачи ги наведуваат аргументите дека доколку си во склоп на определен колектив, од кој твоето преживување зависи, никогаш не можеш да бидеш објективен при изнесувањето на ставовите[5]; и тоа што, на пример известувањето од сојузничкиот тенк, или пак од одредено упориште на сојузничката војска, не може да биде објективно ниту неутрално поради „аголот“ на перцепција[6].

[5] BBC News UK: How 'embedded' reporters are handling the war, 25 March 2003 (http://news.bbc.co.uk/1/hi/uk/2885179.stm)
[6] Robert Jensen, School of Journalism - University of Texas: Embedded reporters' viewpoint misses the main point of war (http://uts.cc.utexas.edu/~rjensen/freelance/attack61.htm)

Сепак, „вистинските вести од бојното поле“ во 21-от век не ги пренесуваат новинарите. Благодарејќи на технолошкиот напредок и експанзијата на индивидуалните интернет медиуми, денес може да се чуе или прочита војната раскажана во ich-форма, односно во прво лице, од оние кои се главни актери – војниците или пак жителите на местата каде што се води војната[7]. За време на инвазијата на Афганистан се појавува терминот milblogging[8], неологизам, кованица од зборовите military и blog, кој се однесува на трендот на војници-известувачи, преку сопствените блогови или други видови на нови медиуми. Паралелно со „мил-блоговите“ се јавуваат и warblog-овите, односно блогови на кои пишуваат жителите на местата каде што се води војната, за самата војна. Непосредното известување во прво лице еднина, неформалниот стил, нелекторираните, не-едитираните и нецензурираните записи, претставуваа вистински чекан за нашминканите и режирани „преноси“ на војната од страна на класичните медиуми; згора на тоа, благодарејќи на ваквиот стил на известување, беа откриени скандали како што се ѕверските злосторства врз воените затвореници вршени од страна на сојузничките војски (како на пример Абу Граиб[9]), или пак трагедиите кои му се случуваат на невиното ирачко население. Значителен број од мил-блоговите, покрај изразувањето на патриотизам и влевањето кураж меѓу читателите, во голема мера ја сменија досегашната перцепција на војната, изразувајќи ја нејзината апсурдност[10].

Како контра-удар на новите медиуми кои драстично ја поткопаа американската политика за Ирак, властите од САД ги затегнаа филтрите на известување; практично преку разни регулативи тие се доведоа во положба да можат да интервенираат не само во уредувачката политика на класичните

[7] John Hockenberry: The Blogs of War, Wired (http://www.wired.com/wired/archive/13.08/milblogs_pr.html)

[8] Најголемиот онлајн извор на мил-блогови: http://www.milblogging.com/

[9] antiwar.com, 16.02.2006: Слики и записи од ѕверствата во затворот Абу Граиб – предупредување за вознемирувачки содржини (http://www.antiwar.com/news/?articleid=2444)

[10] Опис на еден воен блог – „this site is the mouthpiece for a group of soldiers who are fighting in a war they oppose for a president they didn't elect while the petrochemical complex turns the blood of their fallen comrades into oil“ (http://www.milblogging.com/listingDetail.php?id=543)

медиуми, туку и кај новите медиуми. Така, во воените бази се спроведуваат контроли на користењето на интернет, а оние војници кои известуваат спротивно од националните интереси се санкционираат[11].

> „ (...) Згора на тоа, таму во 17 сојузни држави се отфрла заштита на изворите на информации и новинарите постојано мораат да се оправдуваат ако не ги објават своите информанти, оти им се заканува и затвор, дури и кога нивните истражувања немаат врска со тероризмот. Еден новинар беше уапсен оти одби да предаде видео-снимка, новинари беа затворани и на Гвантанамо, како и во Ирак, и сето тоа влијаеше врз рангирањето (...)“ - Елке Шефтер, Репортери без граници[12]

Ваквите постапки на властите на САД допринесоа во 2006 тие да доживеат слободен пад дури до 53-тото место во светот според слободата на печатот во годишното истражување на Репортери без граници[13].

Што се однесува пак до новите медиуми, веројатно како најбитни проекти може да се земат проектот Cost of War[14], кој непрекинато, во реално време го пресметува трошокот на американската админстрација од војната во Ирак (во моментот на пишување на есејот е околу 359 трилиони долари) и проектот Iraq Body Count[15], кој е директно инспириран од изјавата на командантот Томи Френкс: „We don’t do body counts“. Според тој проект, во моментов, само од оружјето на САД во Ирак загинале околу 60.000 цивили (околу 1/10 од вкупниот број жртви). Овие два проекта имаат толку големо влијание, што веројатно ја анулираат целата пропагандна машинерија на САД, а бидејќи се дела на граѓани а не на медиуми-компании, не постои механизам за нивно „замолчување“. Исто така, огромна улога во „откривањето на другата

---

[11] Columbia University News Service - Soldiers' online journals come under increased scrutiny (http://jscms.jrn.columbia.edu/cns/2006-05-02/spector-militaryblogs)
[12] Дојче Веле на македонски јазик: „Слобода на печатот: Германија 23-та, САД на 53-то место!“, 24.10.2006 (http://www2.dw-world.de/macedonian/panorama/1.201158.1.html)
[13] Извештајот на РБГ за 2006: http://www.rsf.org/article.php3?id_article=19388
[14] http://nationalpriorities.org/index.php?option=com_wrapper&Itemid=182
[15] http://www.iraqbodycount.org/

страна на војната" имаше и сервисот YouTube[16], на кој беа закачени огромен број аматерски видео снимки од теренот, некои од нив со крајно вознемирувачки содржини, чии сниматели биле цивилите или пак припадниците на армиите кои се таму. Токму слободниот проток на видео материјали е нешто што за прв пат се среќава во комуникологијата – во поранешните случаи, снимките морале да поминат низ многу контроли за да бидат емитувани во етерот. Сега пристап до „етерот" има секој граѓанин со интернет приклучок.

**Заклучок**

Позадината и текот на воените дејствија во Ирак се фактори кои влијаат целата тема да биде третирана во најмала рака како „контроверзна". Во современото општество, веќе ниедна тема не се гледа еднострано, а критичкото размислување и аргументирање се` повеќе е на цена. Токму затоа, за администрацијата на САД, како водечка земја во војната против тероризмот, и инвазијата во Ирак, и воедно прва светска сила, круцијално прашање покрај прифатливиот исход на теренот е и формирањето на глобалното јавно мислење, односно реакцијата на светската јавност. Но, ситуацијата е далеку поусложнета благодарејќи на експанзијата на новите медиуми и citizen journalism. Така, факторите кои го креираат јавното мислење не се една шака големопоседници на новинските куќи - веќе самата јавност успева да генерира определени ставови. Така, дисперзијата на центрите на моќ за влијание врз ставовите на луѓето, допринесува за целосно менување на суштината на военото известување. Самата појава на „известувачи за военото известување" (како што е на пример функцијата на мојот есеј), веќе го менува каналот по кој се создава јавното мислење. Сепак, за мене дефинитивно најголем индикатор за исходот од военото известување од Ирак, е континуираното опаѓање на довербата на американските граѓани во сопствената администрација и војска и особено се` поголемиот песимизам со кој тие гледаат на случајот Ирак[17]. Оттаму, може да се

[16] http://youtube.com/

[17] Овие заклучоци се изведени врз база на податоците од архивата на анкети на сајтот Real Clear Politics (http://www.realclearpolitics.com/polls/)

заклучи дека обидите за воена цензура се залудни; и дека е дојден крајот на воеcivното известување како што комуникологијата го познава од досегашните искуства. Во ерата на новите медиуми каде што примарна улога има критичката свест и каде што веќе не постои механизам за доследно филтрирање на вестите од бојното поле, многу поважна за креирањето на јавното мислење е суштината на секоја воена акција, отколку начинот за нејзината презентација. Јавноста веќе се адаптираше на образецот на воено известување, сега редот е на војската да ги прифати дадените услови или да се соочи со дебакл меѓу сопственото население, како што покажува тековното искуство со военото известување од Ирак.